# ПНЕВМОКОКНА ИНФЕКЦИЈА И ВАКЦИНАЦИЈА

## Како пневмококната инфекција влијае на мене?

- Таа може да предизвика инфекција на крвта, мозокот, белите дробови и други делови на телото.
- Кај постарите лица постои поголема веројатност да се заразат од инфекцијата и да се чувствуваат полошо.
- 3 од 10 лица со пневмококна инфекција на мозокот ќе умрат.

## Како помага пневмококната вакцина?

- Ако ја примите вакцината, веројатноста да добиете сериозни инфекции на крвта, мозокот и белите дробови е помала.

## Кои се различните видови на пневмококни вакцини?

- Постојат два вида на пневмококни вакцини – нивните имиња се
  - Prevenar
  и
  - Pneumovax.
- Prevenar ви дава поголема заштита која трае подолго време.
- Pneumovax ве заштитува од повеќе видови на бактеријата.

## Кога можам да примам пневмококна вакцина?

- На возраст од 70 години и постари: 1 доза на Prevenar
- Прашајте го вашиот доктор дали исто така треба да примите Pneumovax (2 дози).

## Кои се вообичаените несакани ефекти од пневмококната вакцина?

- Приближно едно од 5 лица ќе има оток, црвенило или болка на местото каде што е ставена инјекцијата или треска – тие ќе исчезнат сами по себе по 2 до 3 дена.
- Понекогаш на местото каде што е ставена инјекцијата може да се појави грутка и да трае неколку недели или месеци – не е потребено лекување.
- За намалување на болката и треската може да помогне парацетамол.

**PNEUMOCOCCAL INFECTION AND VACCINATION - Macedonian**
Produced By South Eastern Sydney Public Health Unit
02 9382 8333
August 2024

## Каде можам да најдам повеќе информации?

- Разговарајте со вашиот доктор по општа пракса (GP).
- Исто така се достапни често поставувани прашања за пневмококните вакцини (само на англиски јазик) – ве молиме скенирајте го QR-кодот: